# 32ри Априлски Средби

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

# Програма

**Стручно едукативен собир на медицинските лаборанти и санитарни техничари на Република Македонија**

21 - 23 АПРИЛ, 2017
Хотел „ГЛИГОРОВ“
СТРУМИЦА

szmlstrm@gmail.com

MMXVII

## ***ВРЕДНОСТИТЕ СЕ РАЗЛИКУВААТ!***



*Ивица Апостолов*
*Претседател на СЗМЛСТРМ*

Почитувани колеги и пријатели,

Во име на Организациониот одбор на Сојузот на Здруженија на медицински лаборанти на Република Македонија ми претставува голема чест и задоволство, а воедно и огромна одговорност да го најавам одржувањето на 32-те Априлски средби, стручно едукативен собир на медицинските лаборанти кои ќе се одржат од 21 до 23 април во Струмица.

Како домаќин за Средбите го одбравме хотел „Глигоров", екстравагантен хотел со ентериер уреден во барок стил, лоциран во градот Струмица на патот за тромеѓето од македонската, бугарската и грчката граница. Тоа го прави хотелот отворен кон различностите и посебностите и се вклопува во нашето мото „*Ние ја правиме разликата*".

Старото име на градот Струмица е *Астарион* (арх.градот на звездите), а четирите ѕвезди на хотелот „Глигоров" како посебно соѕвездие го осветлува градот Струмица со голема историска и културна традиција, со важни археолошки наоѓалишта како што се тврдината Цареви кули или Римските терми, манастирските комплекси во Водоча и Велјуса, со природните реткости како Смоларскиот и Колешинските водопади, со неколку меѓународни фестивали и традиционалниот Струмички карневал.

На 32те Априлски средби покрај стручниот дел ќе Ви овозможиме да уживате во природата, културата и сите потенцијали на овој регион за Вие да се почуствувате поразлично од секаде каде што сте биле досега.

Сето ова ќе даде допринос во „тим билдингот" на сите присутни учесници, а Вашата сатисфакција ќе биде видлива и препознатлива веднаш по враќањето на секојдневната работа и работните обврски во Вашите работни организации.

Овој настан е во организација на Сојузот на здруженија на медицинските лаборанти на Република Македонија, подржан е од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука на Република Македонија и е во согласност со препораките од ресорното Министерство за континуирана медицинска едукација на здравствените работници во Република Македонија.

На овие Априлски средби ќе се одржи Изборно Собрание на СЗМЛСТРМ, на кое ќе се верификуваат мандатите на новите членови на Собранието од кои ќе треба да се изберат новите органи за управување на СЗМЛСТРМ. Како Претседател на СЗМЛСТРМ дадов целосна подршка на Изборната Комисија за ефективно спроведување на легитимни и демократски избори на новите членови во Собранието, а воедно сум сигурен дека од истите ќе се изберат најдобрите кандидати и членови во Претседателството.

Моето досегашно работење во СЗМЛСТРМ беше препознатливо по поставувањето на прави луѓе на право место, а во мојата работа немаше место за линијата на помал отпор со што не дадов само декларативна подршка туку и практичен фокус во афирмацијата на новите кадри во СЗМЛСТРМ.

Мојот мандат како Претседател на СЗМЛСТРМ завршува во Април оваа година, а со него и мандатот како член во Претседателството од кој се повлекувам со единствена цел, овозможувајќи влез на новите кадри за кои сум сигурен дека ќе продолжат со дадените насоки за правилната работа на Претседателството и раководењето на СЗМЛСТРМ.

На сите Вас членови на СЗМЛСТРМ лично Ви благодарам за досегашната Ваша дадена подршка и доверба да го водам СЗМЛСТРМ во претходниот период, а посебна благодарност изразувам до тимот на моите најблиски соработници, до сите компании кои се занимаваат и се дел од областа на ин витро дијагностиката, потрошниот лабораториски материјал и се препознатливи брендови во здравствениот сектор на Република Македонија кои несебично и одговорно го помагаа работењето на СЗМЛСТРМ, воедно на сите Ви посакувам добро здравје и лични успеси на секое поле во животот.

***Заеднички ги направивме вредностите,***
***Вие направете ја разликата!***

## *ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР*

- Ивица Апостолов, Претседател
- Рубинчо Талески, Подпретседател
- Мануела Тасевска, Секретар
- Јордан Тунев, член
- Снежана Грнева, член
- Ѓорги Гиченко, член
- Билјана Бешлиева, член
- Лилјана Николовска, член
- Александар Ѓорѓиевски, член

## *ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ*

- Котизацијата е **ЗАДОЛЖИТЕЛНА** за сите учесници
- Членови на СЗМЛСТРМ **1.000,00** денари, за останати 3.000,00 денари
- Уплата на котизација **ИСКЛУЧИВО** на жиро сметка
- примач: **СЗМЛСТРМ**
- жиро сметка: **200000014874360**
- депонент: **Стопанска Банка Скопје**
- цел на дознака: **котизација за Априлски средби 2017**

## *ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- Дводневен аранжман на фулборд база во хотел „Глигоров-Струмица"
- Сместување во двокреветни и сјут соби **(2ПП)** вкупна пансионска цена по лице **3.998,00 денари**
- Пансионскиот престој **(2ПП)** се плаќа **ИСКЛУЧИВО** на сметка на хотел Глигоров-Струмица, со цел на дознака - за Априлски Средби

**ПЕТОК, 21 Април**

12:00 – 17:30 РЕГИСТРАЦИЈА НА УЧЕСНИЦИТЕ*** */РЕГИСТРАЦИОНЕН ПУЛТ/*

15:00-16:00 РУЧЕК*** */РЕСТОРАН х.Глигоров/*

***КОНГРЕСНА САЛА /прием од 17:10 до 17:25/****

•17:30 - 19:30 ОТВОРАЊЕ НА СРЕДБИТЕ СО ПОКАНЕТИ ПРЕДАВАЊА***

*17:40-18:00 Капацитети на Република Македонија да одговори на вектор-преносливи инфекции****

*Примариус д-р Голубинка Бошевска, др.сци*

*Институт за јавно здравје на Република Македонија*

*18:00-18:20 Позитронско-емисиона томографија во Република Македонија****

Примариус д-р Мери Анѓелеска, специјалист по нуклеарна медицина

Универзитетски Институт за позитронско-емисиона томографија на Република Македонија

*18:20-18:40 Препознавање на родово базирано насилство од страна на здравствени работници****

Нермина Факовиќ, др.сци

Министерство за Здравство на Република Македонија

*18:40-19:00 Здравствените работници и синдромот на „прегореност“ (burnout sindrome) - симптоми, фактори на влијание, превенција****

д-р Драгана Петровска Цветковска, др.мед.сци

ЈЗУ Универзитетска Клиника за Неврологија Скопје, Клинички Центар Мајка Тереза Скопје, Медицински факултет Скопје, УКИМ

*19:00-19:30 ДИСКУСИЈА****

20:00 - 21:00 ВЕЧЕРА*** */РЕСТОРАН х.Глигоров /*

*НАПОМЕНА: временската рамка е строго дефинирана****

## САБОТА, 22 Април

07:30-09:30 ПОЈАДОК*** */РЕСТОРАН х.Глигоров/*

***КОНГРЕСНА САЛА***

•10:00 - 11:30 Стручни Предавања***

10:00-10:20 *Феродефицитарна анемија кај детска популација****
*Афродита Танеска, Здравствен дом - Прилеп*

10:20-10:40 ***Анти-циклични цитрулинирани пептидни антитела (ANTI-CCP ELISA) - високо специфичен и осетлив маркер во дијагнозата на ревматоидниот артритис****
*Светлана Јанчева, Имунолошка лабораторија при Универзитетска клиника за ревматологија Скопје*

10:40-11:00 *Аналитичко значење на Ц-реактивен протеин****
*Марина Натева, Универзитетска клиника за Клиничка биохемија Скопје*

11:00-11:20 *Трансфузија на крв кај болни хоспитализирани и оперирани во хируршкото оделение при Клиничката болница во Штип****
*Ристе Делипетров, Институт за трансфузиона медицина, Регионален центар - Штип*

11:30 - 12:00 ПАУЗА*** (филтер кафе или чај) */ГРАДИНА х.Глигоров/*

***КОНГРЕСНА САЛА***

•12:00 - 12:30 Доделување на сертификати***

**13:00 СОБРАНИЕ НА СЗМЛСТРМ***** (само за регистрирани делегати)

15:00 - 16:00 РУЧЕК****/РЕСТОРАН х.Глигоров/*

20:30 - 01:00 СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА*** */РЕСТОРАН х.Глигоров/*

*НАПОМЕНА: временската рамка е строго дефинирана****

**НЕДЕЛА, 23 Април**

07:30 - 10:30 ПОЈАДОК*** /*РЕСТОРАН х.Глигоров/*

11:30 НАПУШТАЊЕ НА ХОТЕЛОТ***

*НАПОМЕНА: временската рамка е строго дефинирана****

Информации за Организаторот на 32ри Априлски Средби

Целосно име на субјектот: СЗМЛСТРМ Сојуз на здруженија на медицински лаборанти и санитарни техничари на Република Македонија

Институција за потврда на идентитетот: Централен регистер на Република Македонија

Активности: Струково здружение организирано на база на зачленување

Одговорно лице: Ивица Апостолов, РД Број 94.12

Овластување: Претседател

Дополнителни информации: Стручно усовршување и зголемување на знаењето со организирање на професионални средби и собири

Официјален јазик на 32ри Априлски Средби: Македонски

Предвидени вкупни стручни работни часови на семинарот: 8 часа

Симултан превод: Не е предвиден

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА МЕДИЦИНСКИ ЛАБОРАНТИ И САНИТАРНИ ТЕХНИЧАРИ НА Р. МАКЕДОНИЈА